*Совет на Град Скопје*
*Këshilli i Qytetit të Shkupit*

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија број 202/24), а во врска со член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија” бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), Советот на Град Скопје на дванаесеттата седница, одржана на 12 мај 2026 година донесе

**Одлука**
**за давање на согласност на зоните на населени места на подрачјето на Град Скопје утврдени во Правилникот за унифицирање на цените на градежното и земјоделското земјиште и зоните на населени места на подрачјето на Град Скопје при примената на Методологијата за процена на пазарната вредност**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Град Скопје дава согласност на зоните на населени места на подрачјето на град Скопје утврдени во Правилникот за унифицирање на цените на градежното и земјоделското земјиште и зоните на населени места на подрачјето на град Скопје при примената на Методологијата за процена на пазарната вредност број 08-5481/1 од 05.05.2026 година .

**Член 2**

Зоните на населени места од член 1 на оваа Одлука се утврдени согласно локалните услови според постигнатите пазарни цени за поеделните видови недвижен имот во моментот на продажбата и местоположбата на недвижностите.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ја реализира оваа Одлука преку Секторот за даноци на имот и комунални такси на Град Скопје.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-5744/1
12 мај 2026 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
проф.д-р Даме Димитровски prof.d-r Dame Dimitrovski

1000 Скопје, Илинден бр. 82
Република Северна Македонија
тел: +389 02/ 3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden nr. 82
Republika e Maqedonisë së Veriut
tel: +389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169